**ЈАВЕН ПОВИК**
**за свикување вонредна седница на Собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје**

Врз основа на член 385, ставови 1 и 2 од Законот за трговските друштва и член 61, ставови 1 и 2 од Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје, а согласно со Одлуката на Надзорниот одбор на Банката бр. 0204-117 од 12.12.2022 година

Централна кооперативна банка АД Скопје

**ГИ ПОКАНУВА** акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје да учествуваат на Вонредното собрание на акционерите на Банката, кое ќе се одржи на 17.01.2023 година, со почеток во 11:00 часот, во седиштето на Банката во Скопје, ул. „1732“ бр. 2 Скопје – Центар.

За Собранието се предлага следниот:

**Д Н Е В Е Н Р Е Д**

**1. ПРОЦЕДУРАЛЕН ДЕЛ:**

1. Отворање на Собранието.
2. Верификација на учесниците.
3. Избор на:
- претседавач;
- избор на бројачи на гласови.
4. Извештај на бројачите на гласови.

**2. РАБОТЕН ДЕЛ:**

1. Утврдување на работниот дел од Дневниот ред.

2. Разгледување на Записникот од Вонредното собрание на акционерите на Централна кооперативна банка АД Скопје, ОДУ бр. 668/22 од 22.11.2022 година, на нотар Нада Палиќ од Скопје.

3. Разгледување и донесување Одлука за измени и дополнувања на Статутот на Централна кооперативна банка АД Скопје.

4. Разгледување и донесување Одлука за именување независен член на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

5. Разгледување и донесување Одлука за определување на висината на надоместот за учество во работата на Надзорниот одбор на ЦКБ АД Скопје.

6. Разно.

Се повикуваат акционерите да учествуваат во работата на Собранието.

Секој акционер кој има намера да учествува на Собранието на акционерите на Банката е должен да го пријави своето учество (пријава за учество на Собранието) најдоцна пред почетокот на седницата на Собранието на акционерите.

Пријавата за учество на Собранието да се достави до: Дирекција за правни работи на Централна кооперативна банка АД Скопје (контакт-телефон: 3249 302, факс број: 3 249 303 e-mail: sobranie@ccbank.mk).

Собранието ќе одлучува само за прашања кои се уредно ставени на дневен ред согласно со Статутот на Банката и со Законот за трговски друштва.
Гласањето по точките од дневниот ред ќе се врши на начин согласно со Статутот на Банката и со Законот за трговските друштва.

Секој акционер може да овласти свој полномошник со писмено полномошно за што е должен да ја извести Банката по писмен пат или електронски на горенаведените контакти. Обрасците за гласање преку полномошник се достапни на официјалната интернет-страница на Банката www.ccbank.mk, преку делот „за нас“ и линкот „јавен повик - Вонредно собрание, 17.01.2023 година“.

Согласно со Законот за трговските друштва, акционерите кои поединечно или заедно поседуваат најмалку 5 % од вкупниот број акции со право на глас имаат право по писмен пат да достават предлог за дополнување на дневниот ред со вклучување нови точки при условите на член 390, став 4 од ЗТД, како и одлуки по точките од дневниот ред, најдоцна до 23.12.2022 година, до 14:00 часот. Подетални информации за постапката за доставување предлози и прашања може да се најдат на интернет-страницата на Централна кооперативна банка АД Скопје www.ccbank.mk.

Акционерите можат да гласаат со кореспонденција, со испраќање пополнет образец кој во оригинал мора да биде примен во Банката најдоцна на 16.01.2023 година, до 16:00 часот. Заедно со образецот за гласање акционерот е должен да достави и документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Обрасците за гласање со кореспонденција и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Банката www.ccbank.mk.

Акционерите можат да гласаат со испраќање пополнет образец за гласање по електронски пат, од денот на објавата на јавниот повик, со презентирање документација за утврдување на идентитетот на акционерот. Акционерите можат електронски да гласаат во периодот од 23.12.2022 година, од 14:00 часот, до 16.01.2023 година, до 16:00 часот. Обрасците за гласање по електронски пат и дополнителни информации за начинот на пополнување и идентификацијата на акционерите се достапни на интернет-страницата на Банката www.ccbank.mk.

Акционерот кој гласал со кореспонденција или по пат на електронско гласање може лично да присуствува на седницата на Собранието, но доколку акционерот сака лично да гласа на самата седница, мора писмено да го отповика гласањето со кореспонденција или по пат на електронско гласање најдоцна 48 часа пред одржувањето на седницата. Доколку акционерот не достави писмено известување дека го отповикува гласањето, кое мора да биде примено во Банката најдоцна до 16.01.2023 година, до 11:00 часот, предвид ќе се земе гласањето со кореспонденција или по пат на електронско гласање.

Увид во материјалите од дневниот ред може да изврши секој акционер, секој работен ден од денот на објавата на повикот за свикување Собрание, од 10 часот до 15 часот, во просториите на Централна кооперативна банка АД Скопје, на ул. „1732“, бр. 2 Скопје – Центар, во Дирекцијата за правни работи или на интернет-страницата на ЦКБ АД Скопје www.ccbank.mk преку делот „за нас“ и линкот „јавен повик - Вонредно собрание, 17.01.2023 година“.

**Централна кооперативна банка АД Скопје**